GEMAK

Гемак е компанија која цели 3 децении е лидер на пазарот за увоз и дистрибуција и стратешки партнер на едни од најпродаваните светски брендови на алкохолни и безалкохолни пијалаци, тутун, кафе, храна и непрехрабрени производи. Основата на која се темели работењето на компанијата е широко распространетата дистрибутивната мрежа која денес покрива речиси 90% од пазарот, а континуираното воведување нови процедури, системи и алатки за унапредување на работата се потврда за посветеност кон раст и развој.

Gemak Trade е во потрага по нов колега, на работната позиција:

**ДИВИЗИСКИ МЕНАЏЕР – OFF Trade ( Modern Trade; TT, HD )**

**Работни задачи и обврски:**

- Одговорен е за најголемите и клучните купувачи во сите канали на продажба ( MT, TT, HD ) соддржани во самата дивизија и тоа во следниве сегменти: договори на годишно ниво, воведување на нови производи, акции како и наплата на побарувањата
- Подготвува продажни планови и буџети и ги испраќа до претпоставениот
- Го следи обемот на продажбата, приходите и трошоците наспроти предвидувањата за да се идентификуваат проблематичните области
- Детална анализа со фокус врз продажбата, приходите, трошоците, инвестициите и развојни идеи во однос на искористување на потенцијалот на пазарот
- Разработува месечен финансиски план на тимот по производни групи по купувач за секој поединечен вработен и на дневно и на неделно ниво одредува приоритети, фокуси и задачи за сите вработени во тимот
- Врши контрола, оптимизација и одобрување на “рут” плановите во OFF Trade дивизијата
- Учествува во преговорите за продажба и решавање на проблемите со наплатата и побарувањата од терен
- Врши секојдневна контрола и анализа на дневните извештаи за продажба и прави корективен план во случај на негативен тракинг и го известува својот претпоставен. По одобрувањето на планот од страна на претпоставениот, делегира иницијативи за соодветниот вработен и осигурува квалитетна егзекуција.
- Ги следи случувањата на пазарот, индустријата, конкуренцијата, предвидува пазарни трендови и можности за раст и развој и го известува претпоставениот за конкурентските деловни и промотивни активности
- Ја организира и раководи работата на тимот на национално ниво

**Потребни квалификации:**

- Образование ВСС
- Искуство: минимум 5 години на слична работна позиција
- Возачка дозвола Б категорија
- Познавање на Англиски јазик

**Заинтересираните кандидати може да се пријават на огласот преку копчето аплицирај**